**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Име на материјалот:** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** Првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Материјалот не е од доверлив карактер

**Итност на материјалот :** Итен

**Прилог:** 80 примероци од Предлогот

**Дата на доставување на материјалот: .01.2009**

**Министер,**
**Перо Стојановски**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

***М Е М О Р А Н Д У М***

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

**ПОТПИС:** ______________________________

Скопје, јануари 2009 година

**1.Осврт по материјалот:**

Министерството за образование и наука поднесува Предлог на Закон за изменување и дополнување на законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје („Службен весник на Република Македонија” бр. 81/08).

**2.Разгледани можни решенија ( за-против аргументи):**

Со Предлогот на Законот за измнување и дополнување на законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје се предлага промена на седиштето на Универзитетот и промена на бројот и видот на единиците кои се во негов состав.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:** Не

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Владата на Република Македонија да го разгледа Предлогот на Законот за изменување и дополнување на законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје и се предлага прифаќање на предложеното законско решение.

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Самиот Предлог Закон за изменување и дополнување на законот за основање на Универзитетот за информатички технологии во Скопје не предизвикува фискални импликации.

**6. Очекувани влијанија:**

Предлагањето на овој Закон има за цел да се изврши промена на седиштето на Универзитетот за информатички технологии од Скопје во Охрид и да се изврши промена на бројот и видот на единиците кои се во негов состав.

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

**8.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:** Не

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:** Не

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

# ПРЕДЛОГ
# НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Скопје, јануари 2009 година

## ВОВЕД

## I. ОЦЕНИ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Владата на Република Македонија, за да ја реализира поуспешно својата идеја за новиот Универзитет, ангажира посебна меѓународна група професори и експерти од подрачјето на информатичките технологии и организирање на образованието и истражувањето. Таа група имаше задача да предложи:

– модел на организирање на Универзитетот кој ќе биде ефикасен во извршување на своите задачи, односно образование на кадри за потребите на домашната индустрија и создавање на база за привлекување на странски брендови од таа област и

– развоен пат за понатамошно организирање на магистерски и докторски студии, кои би се организирале по реализација на основната задача за образование а би се поврзале со реалните потреби на домашната индустрија и научно истражувачката заедница. Во таа насока би се воспоставила релација со надворешните партнери во светот кои дел од своите истражувања би ги насочувале преку финансирање на кадрите кои ќе работат магистерски и докторски проекти во Македонија.

Имајќи ги предвид согледувањата, препораките и предлозите од двата приода за реализација на идејата за подобрување на образованието и тенденциите за одвивање на процесот на формирање на Универзитетот, со несмалена динамика беа преземени конкретни активности.

Министерството за образование и наука продолжи да работи на Проектот во делот на своите обврски и обезбеди позитивно мислење од Одборот за акредитација и изготви фискален образец за финансиските импликации по Буџетот за високо образование од работата на новиот универзитет. Проектот, со сите елементи предвидени со Законот за високото образование („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 35/08 и 103/08), заедно со Предлог Закон за основање на Универзитетот, ги достави до Владата на Република Македонија.

Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје е донесен на 7 јули 2008 година и е објавен во Службен весник на Република Македонија бр.81/08. Со него е уредено во состав на Универзитетот да влезат:

1. Факултет за компјутерски науки и инженерство;

2. Факултет за мрежни и комуникациски технологии;
3. Факултет за роботика;
4. Факултет за технологии на информатичко општество;
5. Институт за применети науки и технологии;
6. Институт за базични истражувања;
7. Факултет за медиумски технологии;
8. Факултет за информациски системи и сервиси; и
9. Факултет за биомедицинско инженерство.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со цел успешно координирање на активностите и прифаќање на одржлив и ефикасен модел за Универзитетот за информатички технологии, формирана е работна група под раководство на Министерството за образование и наука во состав: Потпретседателот на Владата на Република Македонија за европски прашања г. Ивица Боцевски, Министерот за образование и наука г. Перо Стојановски, Министерот за транспорт и врски г. Миле Јанакиевски, Министерстерот за одбрана г. Зоран Коњановски, проф.д-р Благоја Самакоски и проф.д-р Борче Давитковски.

Врз основа на извршените консултации и согледувања, работната група помеѓу другото предложи изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитетот за информатички технологии во Скопје, во поглед на промена на седиштето на Универзитетот од Скопје во Охрид и промена на бројот на единиците во состав на Универзитетот од 9 на 5 и тоа:

- Факултет за компјутерски науки и инженерство;
- Факултет за комуникациски мрежи и безбедност ;
- Факултет за машинска интелигенција и роботика;
- Факултет за информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника;
- Факултет за информациони теории и анализи

Поради тоа Министерството за образование и наука изготви и на Владата на Република Македонија и достави Предлог на Закон за изменување и дополнување на законот за основање на Универзитетот за информатички технологии во Скопје.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Самиот Предлог на Закон за изменување и дополнување на законот за основање на универзитет за информатички технологии во Скопје не предизвикува дополнителни фискални импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложените дополнувања не е потребно обезбедување на финансиски средства.

Спроведувањето на законот не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ
ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Член 1

Во насловот на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје („Службен весник на Република Македонија” бр. 81/08), зборот „Скопје“ се брише.

Член 2

Во член 1 точка 2, зборовите „мрежни и комуникациски технологии“ се заменуваат со зборовите „комуникациски мрежи и безбедност“.

Во точка 3 по зборот „за“ се додаваат зборовите „машинска интелегенција и“.

Во точка 4 зборовите „технологии за информатичко општество“ се заменуваат со зборовите „информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника“.

Точка 5 се менува и гласи:

„Факултет за информациони теории и анализи“

Точките 6, 7, 8 и 9 се бришат.

Член 3

Во член 3 став 2 зборот „Скопје“ се заменува со зборот „Охрид“.

Член 4

Во член 4 став 1 зборовите „под точките 1, 2, 4, 5 и 6“ се бришат, а броевите „2008/2009“ се заменуваат со броевите „2009/2010“.

Ставот 2 од член 4 се брише.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**I.** Објаснување на содржината на одредбите на Предлог на законот за изменување и дополнување на законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје:

Со член 1 од Законот за изменување и дополнување на законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје во насловот на Законот поради промената на седиштето на Универзитетот зборот Скопје се брише.

Со член 2 во член 1 од законот се врши менување на единиците кои се во состав на Универзитетот и наместо постоечките: Факултет за компјутерски науки и инженерство, Факултет за мрежни и комуникациски технологии, Факултет за роботика, Факултет за технологии на информатичко општество, Институт за применети науки и технологии, Институт за базични истражувања, Факултет за медиумски технологии, Факултет за информациски системи и сервиси и Факултет за биомединцинско инженерство, се утврдуваат Факултет за компјутерски науки и инженерство, Факултет за комуникациски мрежи и безбедност, Факултет за машинска интелигенција и роботика, Факултет за информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника и Факултет за информациони теории и анализи.

Со член 3 во член 3 став 2 од законот поради промена на седиштето на Универзитетот зборот Скопје се заменува со зборот Охрид.

Со член 4 во член 4 се бришат единиците на Универзитетот, кои со член 2 на Предлог законот се избришани од Законот за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје, и се менува учебната година за почеток со работа на факултетите.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Измените и дополнувањата на Законот за основање на универзитет за информатички технологии во Скопје се однесуваат на иста правна работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените изменување и дополнувања на законот се врши промена на седиштето на Универзитетот од Скопје во Охрид и се намалува бројот на факултетите од 7 факултети и 2 институти се сведува на 5 факултети.

## ОДРЕДБИ КОИ СЕ МЕНУВААТ СО ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Член 1

Се основа Универзитет за информатички технологии (во натамошниот текст: Универзитет), како највисока автономна високообразовна и научна установа, со следниве единици во негов состав:

1. Факултет за компјутерски науки и инженерство;
2. Факултет за мрежни и комуникациски технологии;
3. Факултет за роботика;
4. Факултет за технологии на информатичко општество;
5. Институт за применети науки и технологии;
6. Институт за базични истражувања;
7. Факултет за медиумски технологии;
8. Факултет за информациони системи и сервиси и
9. Факултет за биомедицинско инженерство.

Член 3

Универзитетот има својство на правно лице.

Седиштето на Универзитетот е во Скопје.

Член 4

Факултетите од член 1 на овој закон под точките 1, 2, 4, 5 и 6, ќе почнат со работа од учебната 2008/2009 година, по целосно спроведување на постапката за основање утврдена со Законот за високо образование.

Факултетите од член 1 на овој закон под точките 3, 7, 8, и 9, ќе почнат со работа од учебната 2010/2011 година, по целосно спроведување на постапката за основање утврдена со Законот за високо образование.

## *ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ*

| | | |
|---|---|---|
| **1. Назив на предлогот:**<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на законот за основање на универзитет за информатички технологии во Скопје | **2. Министерство / орган на државна управа :**<br>Министерство за образование и наука | |
| **3. Цел на предлогот:** | **4. Вид на предлог:**<br>Предлог на закон | |
| **5. Контакт лице и звање:**<br>Владимир Попоски, | **6. Контакт тел./факс или е-пошта:**<br>076/446-196, 02/3106-519 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7. Активност:**<br>Изменување и дополнување на закон | | | |
| **8. Вид на барање:** | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | ( ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br><br>( ) Спојување на две или повеќе програми |
| **9. Цел на барањето / предложената активност:**<br>Предлог на Закон за изменување и дополнување на законот за основање на универзитет за информатички технологии во Скопје | | | |
| **10. Врска со владината програма:** | | | |

| **11. Фискални импликации:** | (илјади денари)<br>**Тековна год.** | **Втора год.** | **Трета год.** | **Четврта год.** |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | | | |
| В. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | | | |
| С. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | | | |
| D. Расположиви средтства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | | | |
| Е. Нето имликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | | | |
| F. Зголемување / намалување на приходите | / | | | |
| G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор: Резерви на буџетот или пренамена од други раздели | / | | | |
| 12. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | / | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | / | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или н надвир од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | / | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | / | | | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | / | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | / | | | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии: | / | | | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | / | | | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | / | | | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | / | | | |
| 22. Одобрено/Дата:<br><br>________________________<br>**Потпис** | __________2009<br>Ден / месец / год. | ____________________<br>Потпис на министерот | | _______20<br>09<br>Ден / месец / год. |